# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров излегува по потреба | 06 Март 2024 година<br>Скопје<br>Бр.4 Год. XIX |
| --- | --- |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

**Издавач:** **Општина Ѓорче Петров**
**ул.Ѓорче Петров бр.22**
**Уредува:** **Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот**
**тел.** **02/2039-307 ; 02/2039-308**
**фах.** **02/2033-309**


*Содржина:*


1. Заклучок за не постоење оправдани причини за свикување на вонредна седница ....................стр.2
2. Заклучок за дозвола за извршување ИП1 бр. 32-83/2020г од 04.03.2024. ..............стр.3
3. Заклучок за дозвола за извршување ИП1 бр. 32-84/2020г од 04.03.2024. ..............стр.5


**Март 2024 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување на Заклучок за не постоење оправдани причини за свикување на вонредна седница**

Се објавува Заклучокот за не постоење оправдани причини за свикување на вонредна седница на советот на Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на третата Вонредна седница, одржана на ден 01.03.2024 година.

**Број 02-486/1**
**од 01.03.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 40 став 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија број 5/02), а во врска со член 20 став 4 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на Третата Вонредна седница одржана на 01.03. 2024 година, донесе:

## З А К Л У Ч О К
**За не постоење на оправдани причини за свикување на вонредна седница**

1. Советот на Општина Ѓорче Петров при одлучувањето за оправданоста на причините за свикување на третата вонредна седница по Барање на група членови на советот на општината со предлог на дневен ред на седницата да се разгледува Предлог -Одлука за суспендирање на дел од Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 16, Општина Ѓорче Петров, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на советот одлучи дека не постојат оправдани причини за одржување на вонредна седница на советот на Општина Ѓорче Петров.

2. Заклучокот стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-465/3**
**од 01.03.2024 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ - СКОПЈЕ**
**ИП1 бр. 32-83/2022 од 04. 03 2024 год.**
**С К О П Ј Е**

Одделение за инспекциски работи при Општина Ѓорче Петров – Скопје, преку Овластен Градежен инспектор Игор Николовски, со службена легитимација број 78 – 0001, изврши контролен инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор **АЛИЕ КОВАЧИ, со адреса на живеење на улица „3" број 8, Блаце, а застапувана од ополномоштено лице Адвокат Зоран Стојанкиќ, со седиште на улица „Владимир Комаров" број 1/4-13, Скопје,** ја утврди фактичката состојба и врз основа на **член 142 од Законот за градење** (службен весник на РМ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/2019 и 18/2020), го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
## - за дозвола за извршување -

1. **СЕ УТВРДУВА дека Решението ИП1 бр. 32 – 83 од 21.11. 2022 година, донесено од страна на овластениот градежен инспектор во Општина Ѓорче Петров – Скопје, е ИЗВРШНО и се допушта неговото административно извршување.**
2. **СЕ НАРЕДУВА НА ИНВЕСТИТОРОТ АЛИЕ КОВАЧИ**, со адреса на живеење на улица „3" број 8, Блаце, а застапувана од ополномоштено лице Адвокат Зоран Стојанкиќ, со седиште на улица „Владимир Комаров" број 1/4-13, Скопје, **по приемот на овој Заклучок во рок од (3) ТРИ ДЕНА ДА ГО ОТСТРАНИ ОБЈЕКТОТ – објект од втора категорија – ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ со АБ плоча, челична конструкција обложена со композитни панели со димензии 55м х 24м и ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ од бетонски блокови со димензии 10м х 10м, изградени во село Орман, број 6б, на КП476 и КП477**, имотен лист број 874, сопственост на Република С. Македонија, а воведено во градежен дневник бр. 32 од 21.11. 2022 година на овластениот градежен инспектор.
3. **Доколку извршеникот не постапи по овој Заклучок, извршувањето ќе се спроведе по ПРИСИЛЕН ПАТ на сметка на извршеникот.**
4. **Жалбата изјавена против овој Заклучок не го одлага ивршувањето на Решението.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Овластениот градежен инспектор во Општина Ѓорче Петров - Скопје, со Решение **ИП1 бр. 32 - 83 од 21.11. 2022 година**, му нареди на **ИНВЕСТИТОРОТ АЛИЕ КОВАЧИ**, со адреса на живеење на улица „3" број 8, Блаце, а застапувана од ополномоштено лице Адвокат Зоран Стојанкиќ, со седиште на улица „Владимир Комаров" број 1/4-13, Скопје, по приемот на овој Заклучок во рок од (3) ТРИ ДЕНА ДА ГО ОТСТРАНИ ОБЈЕКТОТ – објект од втора категорија – ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ со АБ плоча, челична конструкција обложена со композитни панели со димензии 55м х 24м и ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ од бетонски блокови со димензии 10м х 10м, изградени во село Орман, број 6б, на КП476 и КП477, имотен лист број 874, сопственост на Република С. Македонија, а воведено во градежен дневник бр. 32 од 21.11. 2022 година на овластениот градежен инспектор.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на наведената градба, а чие извршување се допушта со овој Заклучок, **согласно член 137 став 4 од Законот за градење** не го одлага извршувањето на решението.

Поради тоа, во оваа Управна работа, првостепеното Решение во смисла на одредбите на **член 142 од Законот за градење** станува **ИЗВРШНО** со доставување на Заклучок на странката за која се однесува Решението.

**Бидејки споменатото Решение станало извршно се одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.**

**ПРАВНА ПОУКА:**

Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение. Жалбата се таксира со 200,00 денери по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни такси (Службен Весник на РМ број 6 од 15.01.2010).

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР**
**Игор Николовски диа с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ - СКОПЈЕ**
**ИП1 бр. 32-84/2022 од 04. 03 2024 год.**
**С К О П Ј Е**

Одделение за инспекциски работи при Општина Ѓорче Петров – Скопје, преку Овластен Градежен инспектор Игор Николовски, со службена легитимација број 78 – 0001, изврши контролен инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор **АЛИЕ КОВАЧИ, со адреса на живеење на улица „3" број 8, Блаце, а застапувана од ополномоштено лице Адвокат Зоран Стојанкиќ, со седиште на улица „Владимир Комаров" број 1/4-13, Скопје,** ја утврди фактичката состојба и врз основа на **член 142 од Законот за градење** (службен весник на РМ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/2019 и 18/2020), го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### - за дозвола за извршување -

**5. СЕ УТВРДУВА дека Решението ИП1 бр. 32 – 84 од 21.11. 2022 година, донесено од страна на овластениот градежен инспектор во Општина Ѓорче Петров – Скопје, е ИЗВРШНО и се допушта неговото административно извршување.**

6. **СЕ НАРЕДУВА НА ИНВЕСТИТОРОТ АЛИЕ КОВАЧИ**, со адреса на живеење на улица „3" број 8, Блаце, а застапувана од ополномоштено лице Адвокат Зоран Стојанкиќ, со седиште на улица „Владимир Комаров" број 1/4-13, Скопје, **по приемот на овој Заклучок во рок од (3) ТРИ ДЕНА ДА ГО ОТСТРАНИ ОБЈЕКТОТ – ОГРАДА со димензии L=500 метри**, изведена односно поставена **во село Орман, број 6б, на КП476 и КП477,** имотен лист број 874, сопственост на Република С. Македонија, а воведено во градежен дневник бр. 33 од 21.11. 2022 година на овластениот градежен инспектор.

**7. Доколку извршеникот не постапи по овој Заклучок, извршувањето ќе се спроведе по ПРИСИЛЕН ПАТ на сметка на извршеникот.**

**8. Жалбата изјавена против овој Заклучок не го одлага иврешувањето на Решението.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Овластениот градежен инспектор во Општина Ѓорче Петров - Скопје, со Решение **ИП1 бр. 32 - 84 од 21.11. 2022 година**, му нареди на **ИНВЕСТИТОРОТ АЛИЕ КОВАЧИ**, со адреса на живеење на улица „3" број 8, Блаце, а застапувана од ополномоштено лице Адвокат Зоран Стојанкиќ, со седиште на улица „Владимир Комаров" број 1/4-13, Скопје, **по приемот на овој Заклучок во рок од (3) ТРИ ДЕНА ДА ГО ОТСТРАНИ ОБЈЕКТОТ – ОГРАДА со димензии L=500 метри**, изведена односно поставена **во село Орман, број 6б, на КП476 и КП477,** имотен лист број 874, сопственост на Република С. Македонија, а воведено во градежен дневник бр. 33 од 21.11. 2022 година на овластениот градежен инспектор.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на наведената градба, а чие извршување се допушта со овој Заклучок, **согласно член 137 став 4 од Законот за градење** не го одлага извршувањето на решението.

Поради тоа, во оваа Управна работа, првостепеното Решение во смисла на одредбите на **член 142 од Законот за градење** станува **ИЗВРШНО** со доставување на Заклучок на странката за која се однесува Решението.

**Бидејки споменатото Решение станало извршно се одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.**

**ПРАВНА ПОУКА:**

Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекшочната постапка во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение. Жалбата се таксира со 200,00 денери по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни такси (Службен Весник на РМ број 6 од 15.01.2010).

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР**
**Игор Николовски диа с.р.**